Влада на Република Северна Македонија

# ЗАПИСНИК
од Седумдесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 3 јуни 2021 година

Скопје, јуни 2021 година

**З А П И С Н И К**
**од Седумдесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 3 јуни 2021 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 18:10 часот.

Со седницата претседаваше Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата учествуваа, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваше и м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика.

На седницата не учествуваа Зоран Заев, претседател на Владата на Република Северна Македонија, Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, членовите на Владата м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, Мила Царовска, министер за образование и наука, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, д-р Ирена Стефоска, министер за култура и м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

1. Дополнителни предлог - заклучоци по однос на увоз, контрола и анализа на мазут, донесени по точка 81 од 75-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 1 јуни 2021 година

2. Кадровски прашања

3. Прашања и предлози

4. Информација за потребата од обезбедување на средства од заем од Европска банка за обнова и развој (ЕБОР) за изградба на автопатска делница Букојчани - Кичево, како дел од европскиот коридор VIII (државен пат А2)

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

### Точка 1

Владата по однос на увозот, контролата и анализата на мазутот што се увезува во Република Северна Македонија заклучи:

1. Се задолжува Бирото за метрологија да склучи договор со акредитирано тело за земање на мостри од мазут за потребите на Државниот пазарен инспекторат.

2. Се задолжуваат Царинската управа и Бирото за метрологија, за потребите на Државниот пазарен инспекторат, по барање на Државниот пазарен инспекторат, да спроведат постапка за земање примероци за анализа и анализа на мазут, согласно Правилникот за квалитетот на течни горива и да ги достават на испитување до акредитирана лабораторија.

### Точка 2

По оваа точка немаше предлози.

### Точка 3

По оваа точка немаше прашања, ниту предлози.

## Точка 4

Владата врз основа на Барањето на Министерството за финансии, заклучи заклучоците донесени по Информацијата за потребата од обезбедување на средства од заем од Европска банка за обнова и развој (ЕБОР) за изградба на автопатска делница Букојчани - Кичево, како дел од европскиот коридор VIII (државен пат А2) , точка 5 од 75-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 1 јуни 2021 година, да се изменат и да гласат:

„1. Го усвои новиот текст на Информацијата за потребата од обезбедување на средства од заем од Европска банка за обнова и развој (ЕБОР) за изградба на автопатска делница Букојчани - Кичево, како дел од европскиот коридор VIII (државен пат А2).

2. Се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта во соработка со Министерството за финансии да ја известат Европската банка за обнова и развој за новата финансиска структура на Проектот, каде заемот од Европската банка за обнова и развој, обезбеден со државна гаранција, ќе изнесува до 115 милиони евра, а останатите средства за финансирање се веќе обезбедени како инвестициски грант од ВБИФ во износ од 20 милиони евра.

3. Се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта во соработка со Министерството за финансии да ги продолжат активностите со Европската банка за обнова и развој за обезбедување на заемот наведен во Заклучокот број 2.

4. Се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта веднаш да постапи согласно одредбите на Законот за јавен долг и да ја започне постапката за добивање на согласност за задолжување со државна гаранција, согласно новата финансиска структура на Проектот, каде заемот на Јавното претпријатие за државни патишта, ќе изнесува до 115 милиони евра“.

*

*     *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 18:15 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Мухамед Зеќири**

**ПРВ ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Artan Grubi**